АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

# Анализа на родовата структура на платите во радиодифузијата за 2019 година

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

# АНАЛИЗА НА РОДОВАТА СТРУКТУРА НА ПЛАТИТЕ ВО РАДИОДИФУЗИЈАТА ЗА 2019 ГОДИНА

м-р Виктор Стојанов

д-р Зоран Трајчевски

# СОДРЖИНА

Предговор .......... i
Вовед .......... 1
Јавен сервис .......... 2
Национални телевизии .......... 6
Регионални телевизии .......... 13
Локални телевизии .......... 19
Национални радија .......... 25
Регионални радија .......... 30
Локални радија .......... 35
Заклучоци .......... 41
Користена литература .......... 43

# Предговор

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е сериозно посветена на прашањето за воведувањето на родот во главните медиумски токови, а со тоа и во општеството. За таа цел настојува да обезбеди релевантни податоци за состојбата со родот во медиумите кои потоа можат да се користат и при градењето на политиките на државата, но и при формулирањето на уредувачките политики.

Почнувајќи од 2012 година, согласно обврската од Законот за еднакви можности на жените и мажите, спроведува годишни анализи за третманот на родовите прашања и за начинот на прикажување и претставување на жените и мажите во програмите на националните телевизии.

Наодите од овие анализи се далеку од задоволителни. Имено, ако се сумираат квантитативните и квалитативните показатели може да се констатира дека:

- Постои тренд на намалување на бројот на прилозите во кои се обработуваат родовите прашања кај секој од анализираните медиуми, а темите што можат да бидат претставени од родов аспект не се препознаени од новинар(к)ите и од ТВ-куќите.

- Знаењата, стручноста и искуствата на жените константно недостигаат во вестите зашто бројот на соговорничките е редовно помал од тој на соговорниците. Исклучок од ова правило се прилозите за верските празници, каде што во главни улоги се јавуваат жените кои се грижат за почитување на обичаите во домот, односно се

забележува патријархално позиционирање на жената во домот и семејството, наместо да се отворат прашања за општествените родови улоги, како и за општественото идентификување на жените со домот и семејството.

- Во прилозите за активностите на политичарките во земјата и надвор неретко може да се забележи отсуство на нивните изјави и ставови, иако прилозите информираат за нивни средби остварени со други политичари или претставници на институции и организации.

- Вестите од спортот најчесто им се посветени на мажите и машките тимови, а поретко се известува за женските спортски тимови или за спортистките.

- Во сите анализирани години постои тренд на родова неутрализација во јазикот преку која именките со кои се означуваат професиите и титулите на жените наместо во женски се користат во машки род со што се намалува видливоста на нивното учество во јавната сфера и се маскулинизира поимањето за јавните општествени и политички позиции.

Токму ваквите резултати од анализите на третманот на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и мажите во програмите на радиодифузерите покажаа дека, за да може соодветно да се толкуваат, потребно е да се истражи контекстот во којшто се

случува формулирањето на уредувачките политики и самото известување, односно да се истражат родовите аспекти во медиумите. Затоа, Агенцијата направи анализи на родовата структура на вработените во радиодифузијата со кои ги утврди трендовите за периодот од 2012 до 2018 година, како и анализа на родовата структура на сопственоста за 2019 година.

Споредбата на податоците за тоа кој што поседува и колку мажи и жени работат кај радиодифузерите и на кои позиции покажа дека постои „стаклен плафон". Мажите се доминантни меѓу сопствениците, управителите/директорите и уредниците, односно на оние нивоа на кои се носат одлуките. Жените најмногу ги има меѓу новинар(к)ите т.е. на највидливото ниво на спроведувањето на уредувачките одлуки, додека, пак, мажите повторно доминираат кај техничкиот и кај реализаторскиот кадар. Меѓу вработените со висока стручна спрема побројни се жените, но меѓу оние со редовен работен однос побројни се мажите.

Сите овие податоци дадоа значителен придонес кон утврдувањето на контекстот на третманот на родот во медиумите, но тој сè уште не беше целосен. За да се затвори кругот - нужно беше да се направи анализа и на родовата структура на платите во радиодифузијата.

Публикацијата што е пред вас ги содржи во себе токму наодите од анализата на овој сегмент. И, за жал, повторно показателите се загрижувачки бидејќи, иако не покажуваат значаен родов јаз во платите на мажите и жените, покажуваат генерална состојба која во голема мера е лоша. Оттаму, може да се очекува дека таа се одразува врз усвојувањето на родот

како релевантен приод при новинарскиот третман на актуелните теми во програмите на радиодифузерите.

д-р Зоран Трајчевски, директор на
Агенцијата за аудио и
аудиовизуелни медиумски услуги

# Вовед

Ова е прва анализа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во која фокусот е ставен на родовата структура на платите на медиумските работници.

Од сите радиодифузери кои емитуваат програма на територијата на Република Северна Македонија, на почетокот на 2020 година, беа побарани податоци за висината на платите и бројот на вработени според пол за 2019 година. Одговорните лица од телевизиите и радијата податоците ги пополнија во табела којашто им беше испратена по електронска пошта, а која вклучуваше 14 различни категории плати (под 12.000 денари, 12.001-14.000, 14.001-16.000, 16.001-18.000, 18.001-20.000, 20.001-22.000, 22.001-24.000, 24.001-26.000, 26.001-28.000, 28.001-30.000, 30.001-35.000, 35.001-40.000, 40,001-50.000 и од 50.001 и повеќе) и во која го внесоа бројот на лица кои ја добиваат наведената плата, во нето-износ, за сите управител(к)и/директорк(к)и, уредници/чки, новинар(к)и, инженер(к)и, техничар(к)и, режисер(к)и, сниматели(к)и, монтажер(к)и, возач(к)и, хигиеничар(к)и, секретар(к)и и др. лица вработени во медиумите.

Анализата на платите на вработените во радиодифузијата, со посебен осврт на родовата структура, не вклучува податоци за степенот на образование, ниту, пак, за етничката припадност на вработените во медиумите.

# Јавен сервис

Најниските плати во Јавниот сервис Македонска радио-телевизија за 2019 година влегуваат во категоријата од 18.001 до 20.000 денари. Од 768-те вработени, 36 лица земале плата од 18.001 до 20.000 денари. Од нив тројца биле дел од техничкиот кадар, 20 од реализаторскиот кадар (сите мажи) и 13 лица од преостанатиот кадар кој работи во Јавниот сервис (11 мажи и 2 жени).
Во Јавниот сервис има 5 управители/директори од кои 4 мажи и една жена. Сите имале примања поголеми од 50.000 денари.

Од вкупно 80 уредници, 34 се мажи, а 46 жени. Од нив тројца имале примања од 28.001 до 30.000 денари (поточно двајца мажи и една жена), 69 имале примања од 30.001 до 35.000 денари (30 мажи и 39 жени) и 8 уредници/чки имале примања од 40.001 до 50.000 денари (двајца мажи и шест жени).




Слика1: Висина на плати кај уредници/чките во Јавниот сервис

Новинарите (73) и новинарките (141) во Јавниот сервис имале плати од 24.001 до 30.000 денари. Меѓу нив не може да се забележи родов јаз во плати. Карактеристично за целата медиумска индустрија кај нас е дека има многу повеќе новинарки од новинари. Во случајот на Јавниот сервис односот е 2:1. Најголемиот број новинарки – 54 на месечно ниво добивале од 24.001 до 26.000 денари. Новинарите, пак, се најбројни во категоријата од 28.001 до 30.000 денари – вкупно 30.




Слика 2: Висина на плати на новинар(к)ите во Јавниот сервис

Техничкиот и реализаторскиот кадар имале пониски просечни примања од новинар(к)ите во Јавниот сервис. Овие категории ги опфаќаат сите инженер(к)и, техничар(к)и, режисер(к)и, снимател(к)и, монтажер(к)и и др. Кај техничкиот кадар евидентирани се 69 мажи и 21 жена, а кај реализаторскиот кадар 170 мажи и 51 жена.



Слика 3: Висина на плати на техничкиот кадар во Јавниот сервис

Соодносот на вкупните бројки соодветствува и во односот на одделните категории плати што се наведени во табелата. Најголемиот број од техничар(к)ите и реализатор(к)ите, односно 90 мажи и 37 жени имале примања од 22.001 до 24.000 денари. Преостанатиот кадар, возач(к)и, хигиеничар(к)и, секретар(к)и и др. е збир на вработени со различни квалификации и обврски во медиумот. Затоа, тешко е да се направи споредба и да се донесе заклучок дали постои разлика во вреднувањето на трудот на мажите и жените за исто работно место и работни обврски.




Слика 4: Висина на плати на реализаторскиот кадар во Јавниот сервис

Бројот на вкупно вработен преостанат кадар бил 158 од кои 77 мажи и 81 жена. Платите кај повеќето вработени се движеле од 18.001 до 35.000 денари. Мажите од преостанатиот кадар биле најбројни во категоријата од 20.001 до 22.000 денари (24 вработени). Жените, пак, кои влегуваат во оваа група биле најбројни во категорија со повисоки примања од оние на мажите, поточно 25 жени имале месечни примања од 30.001 до 35.000 денари. Само две лица се евидентирани во категоријата со примања од 35.001 до 40.000 денари (еден маж и една жена).



Слика 5: Висина на плати на преостанатиот кадар во Јавниот сервис

# Национални телевизии

Кај националните приватни телевизии[1] од вкупно 18 управители/директори, 14 се мажи, а само 4 се жени. Од нив, 5 пријавиле дека имале приходи од 14.001 до 16.000 денари (3 мажи и 2 жени), а другите 13 имале приходи поголеми од 30.000 денари. Иако вкупниот број лица вработени на овие позиции е мал за да се извлекуваат генерализации во врска со родовиот јаз во платите, забележливо е, на пример, дека сите седум управители/директори кои земале плата над 50.000 денари се мажи.

[1] Во анализата на родовиот аспект на платите, телевизиите се групирани според нивото на кое емитуваат програма според дозволата (национално, регионално или локално), но не беше релевантно да се направи поделба според тоа дали програмата ја емитуваат преку мултиплекс, сателит или преку кабелски оператор.




Слика 6: Висина на плати на управител(к)и/директор(к)и во националните телевизии

Во однос на застапеноста на уредниците/чките кај националните медиуми, соодносот е речиси изедначен. Од вкупно 39 уредници/чки, 22 се мажи, а 17 жени. Од нив, 29 уредници/чки (74,35%) или поточно 16 уредници и 13 уреднички имале плата над 30.000 денари. Додека четворица уредници/чки, од кои 3 мажи и 1 жена, земале плата од 14.001 до 16.000 денари.




Слика 7: Висина на плати на уредници/чки во националните телевизии

Бројот на новинарки во континуитет е поголем од бројот на новинарите во редакциите[2] и таков е случајот и за 2019 година. Дури 170 (67,19%), односно 69 мажи и 101 жена, од вкупно 253 новинар(к)и земале плата пониска од државниот просек на нето-плата за декември 2019 година, која изнесувала 26.836 денари според податоците од Државниот завод за статистика (до 26.000 денари). Петнаесет од нив (5 мажи и 10 жени) добивале финансиски средства под законскиот минимум за минимална плата од 14 500 денари. Во овој контекст, а имајќи ги предвид податоците за гледаноста на телевизиите, битно е

[2] Податоци за родовата структура на вработените за периодот 2012-2018 година може да се најдат во анализата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги „Родот во телевизиите и радијата: Кој ги носи одлуките, а кој ги спроведува?“, достапна на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2020/09/Rodot-vo-TV-i-RA-Koj-gi-nosi-a-koj-gi-sproveduva-odlukite-FINALNA-za-veb-1.pdf

да се потсети дека оваа категорија вработени во медиумите, заедно со категоријата уредници/чки имаат најголемо влијание врз креирањето на јавното мислење, и од нив се очекува да се стремат кон истражувачко новинарство, или, релевантно за фокусот на оваа анализа – да го внесуваат родот како важен аспект во новинарската обработка на теми. Фактот што околу две третини од новинар(к)ите во националните телевизии имале примања кои не им обезбедуваат финансиска независност, ја отвора дилемата и за тоа дали може да очекуваме тие да бидат независни и да не бидат подложни на влијание од разни центри на моќ. Во однос на родовиот јаз, од приложените податоци не може да се забележи различно вреднуван труд за истиот работен ангажман.




Слика 8: Висина на плати на новинар(к)ите во националните телевизии

Соодносот мажи-жени кај техничкиот кадар – инженер(к)и, техничар(к)и во 2019 година е 8 спрема 1. Од вкупно 90 лица

кои се водат во оваа категорија вработени, 30% земале плата од 18.001 до 20.000 денари (21 маж и 6 жени). Забележително е дека жените се помалку застапени и немале примања поголеми од 30.000 денари, поточно освен шесте жени кои имале примања до 20.000 денари, две жени имале плата од 24.001 до 26.000 денари, а, пак, две жени месечно добивале од 28.001 до 30.000 денари За разлика од нив, 12,5% од инженерите и техничарите земале плата поголема од 30.000 денари.




Слика 9: Висина на плати кај техничкиот кадар во националните телевизии

Слична е состојбата и кај реализаторскиот кадар кај националните приватни телевизии. Во оваа категорија влегуваат сите режисер(к)и, сниматели(к)и, монтажер(к)и и др. кои работат во реализација на програмата на телевизиите. Од вкупно 327 евидентирани лица во оваа категорија, 283 (86,55%) се мажи, а 44 (13,45%) се жени. Триста и тринаесет лица (95,7%)

вработени како дел од реализаторскиот кадар имале нето-приходи помали од 30.000 денари. Од нив, 271 биле мажи и 42 жени. Најголемиот дел од вработените во оваа категорија (59,6%) земале плата од 16.001 до 22.000 денари. Најголемиот број од реализаторите (88) земале плата која изнесувала од 18.001 до 20.000 денари, исто како и 11 од реализаторките.




Слика 10: Висина на плати кај реализаторскиот кадар во националните телевизии

Кај преостанатиот кадар - возач(к)и, хигиеничар(к)и, секретар(к)и и др. постои мала разлика во вкупниот број ангажирани мажи (96) во однос на ангажирани жени (87).




Слика 11: Висина на плати кај преостанатиот кадар во националните телевизии

Само 10 мажи и една жена имале приходи поголеми од 35.000 денари. Дури 86,89% од преостанатиот кадар имал плата помала од 30.000 денари. Најголемиот број жени во преостанатиот кадар (22) месечно добивале плата од 14.001 до 16.000 денари. Од друга страна, најголемиот број мажи во една категорија плата бил 22 и се однесувал на категоријата од 18.001 до 20.000 денари.

# Регионални телевизии

Според Анализата на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2019 година[3], бројот на телевизии кои емитуваат програма на регионално ниво континуирано од година в година се намалува. Во 2015 година имало 27 регионални телевизии, додека во 2019 година само 17 регионални телевизии емитувале програма. Анализата покажува дека и приходите на регионалните телевизии се повеќе од двојно намалени споредено со 2015 и 2016 година. Според доставените податоци од радиодифузерите, бројот на вработени лица кај регионалните телевизии во споредба со националните е значително помал и изнесува 188 лица (118 мажи и 70 жени). Најголем број вработени лица (25) е евидентиран кај регионалната телевизија ТВ Ера. Сите други регионални телевизии не надминуваат повеќе од 15 вработени. Разлика постои и кај примањата, највисоката плата кај управителите достигнува до 35.000 денари, на уредниците и новинарите до 30.000 денари, а кај техничкиот, реализаторскиот и преостанатиот кадар (инженер(к)и, техничар(к)и, режисер(к)и, снимател(к)и, монтажер(к)и, возач(к)и, хигиеничар(к)и, секретар(к)и и др. само едно лице е евидентирано со плата во категоријата од 28.001 до 30.000

---

[3] Достапна на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2020/09/%D0%90%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B8%D0%B7%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%B0%D1%83%D0%B4%D0%B8%D0%BE-%D0%B8-%D0%B0%D1%83%D0%B4%D0%B8%D0%BE%D0%B2%D0%B8%D0%B7%D1%83%D0%B5%D0%BB%D0%BD%D0%B8-%D0%BC%D0%B5%D0%B4%D0%B8%D1%83%D0%BC%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D1%83%D1%81%D0%BB%D1%83%D0%B3%D0%B8-%D0%B7%D0%B0-2019-%D0%B3%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D0%BD%D0%B0.pdf

денари, а сите други вработени имале плата пониска од 28.000 денари.

Кај 17 регионални телевизии кои доставија податоци за висината на платите на вработените за 2019 година има 12 мажи и 3 жени управител(к)и/директор(к)и т.е. повеќето раководни лица се мажи, а соодносот е 4:1. За разлика од националните приватни телевизии, тука финансиските примања на управител(к)ите и директор(к)ите се многу пониски. Единаесет од нив, поточно 9 управители/директори и 2 управителки/директорки пријавиле дека имале плата од 12.001 до 18.000 денари, а само една управителка/директорка на регионална телевизија била со плата од 30.001 до 35.000 денари. Највисоката плата кај управителите/директорите изнесувала од 28.001 до 30.000 денари, и вакви месечни примања имал само еден управител/директор.




Слика 12: Висина на плати кај управител(к)и/директор(к)и во регионалните телевизии

Уредници/чките во регионалните телевизии, исто така, имале ниски примања. Од 19 евидентирани лица (13 мажи и 6 жени), само тројца уредници имале повисоки примања од просечната плата за 2019 година и се евидентирани во категоријата од 28.001 до 30.000 денари. Четиринаесет уредници/чки, од кои 9 мажи и 5 жени, имале плата помала од 20.000 денари.




Слика 13: Висина на плати кај уредници/чките во регионалните телевизии

За разлика од националните телевизии и Јавниот сервис, бројот на новинарки не бил многу поголем од бројот на новинари кои работат во регионалните телевизии. Заедничко е тоа што сите имале ниски примања, дури 76,1 % (28 жени и 28 мажи) имале плати под 16.000 денари. Всушност, најголемиот број новинари (10) и новинарки (14) имале месечни примања од 14.001 до 16.000 денари.




Слика 14: Висина на плати кај новинар(к)и во регионалните телевизии

Бројот на мажи (20) евидентирани како технички кадар - инженер(к)и, техничар(к)и е повеќе од двојно поголем во однос на жените (8). Во однос на платите, 12 лица се пријавени со плата под 12.000 денари (8 мажи и 4 жени), а 15 лица (11 мажи и 4 жени) имале примања од 14.001 до 18.000 денари. Само едно техничко лице (маж) е евидентирано во категоријата за плати од 26.001 до 28.000 денари.




Слика 15: Висина на плати кај техничкиот кадар во регионалните телевизии




Слика 16: Висина на плати кај реализаторскиот кадар во регионалните телевизии

Вкупниот број режисер(к)и, сниматeл(к)и, монтажер(к)и и др. кои се дел од реализаторскиот кадар во регионалните телевизии изнесува 45 лица од кои 39 се мажи, а 6 жени. И тука е евидентна големата застапеност на мажите во овие професии како и кај националните телевизии. Целиот реализаторски кадар е слабо платен, шесте инженерки/техничарки и 33 инженери/техничари имале примања помали од 16.000 денари. Само еден маж од реализаторскиот кадар примал месечен надомест од 28.001 до 30.000 денари.

Четиринаесет лица се дел од преостанатиот кадар кај регионалните телевизии. Двајца мажи и 4 жени имале плата под 12.000 денари, а останатите (двајца мажи и шест жени) имале плати од 14.001 до 20.000 денари.




Слика 17: Висина на плати кај преостанатиот кадар во регионалните телевизии

# Локални телевизии

Од деветнаесетте локални телевизии од кои беа побарани податоци, само ТВ Аниса не достави информации за висината на платите.
Агенцијата доби податоци за висината на платите на 120 лица вработени во локалните телевизии, од кои 17 управител(к)и/директор(к)и, 13 уредници/чки, 39 новинар(к)ии, 19 инженер(к)и/техничар(к)и, 18 лица кои го сочинуваат реализаторскиот кадар и 14 лица евидентирани како дел од преостанатиот кадар во телевизиите.

Од вкупно 17 управител(к)и/директор(к)и во локалните телевизии, 15 се мажи, а 2 се жени, односно, како и кај националните и регионалните телевизии, и тука на раководните позиции има доминантно мажи. Висината на платите не надминува 20.000 денари, а 6 од нив (35,2 %), поточно две жени и четворица мажи имале плати пониски од 14.000 денари.




Слика 18: Висина на плати на директор(к)и и управител(к)и во локалните телевизии

Бројот на уредници (7) и уреднички (6) е речиси идентичен. И кај нив карактеристично е тоа што платите не надминуваат 22.000 денари и не постои родов јаз меѓу уредниците и уредничките во однос на платите. Вкупно 7 уредници имале месечни примања од 12.001 до 18.000 денари. Кај уредничките, пак, една имала месечен надоместок од под 12.000 денари, 4 уреднички од 12.001 до 16.000 денари, а една уредничка од 20.001 до 22.000 денари.



Слика 19: Висина на плати на уредници/чки во локалните телевизии

Од 39 новинари/новинарки за кои беа добиени податоци, 17 се мажи, а 22 се жени. Сите новинар(к)и вработени во локалните телевизии имале плати до 18.000 денари. За дури 7 новинари и 6 новинарки е пријавено дека нивните месечни приходи биле помали од 12.000 денари, а 7 мажи и 10 жени имале приходи од 12.001 до 14.000 денари. Останатите 9 лица (3 мажи и 6 жени) го надминуваат прагот од утврдената минимална државна плата во РС Македонија за 2019 година која, според Државниот заводот за статистика, во декември изнесувала 14.500 денари, но не примале плата поголема од 18.000 денари.



Слика 20: Висина на плати на новинар(к)и во локалните телевизии

И кај техничкиот кадар и кај реализаторскиот кадар во локалните телевизии, доминираат мажите. Од вкупно 19 вработени како технички кадар, 16 се мажи, а само 3 жени, додека кај реализаторскиот кадар - од 18 вработени, 16 се мажи, а 2 жени.

И кај техничкиот кадар локалните телевизии пријавиле ниски месечни примања, 6 мажи и 3 жени инженер(к)и/техничар(к)и имале плата под 12.000 денари, а другите 10 мажи кои се дел од техничкиот кадар не пријавиле примања повисоки од 18.000 денари.




Слика 21: Висина на плати на техничкиот кадар во локалните телевизии




Слика 22: Висина на плати на реализаторскиот кадар во локалните телевизии

Кај реализаторскиот кадар, двете жени имале плата од 12.001 до 16.000 денари. Кај тројца мажи од реализаторскиот кадар, платата била пониска од 12.000 денари, вкупно 12 реализатори примале плата од 12.001 до 16.000 денари, а еден реализатор имал месечни примања од 18.001 до 20.000 денари.

Преостанатиот кадар кај локалните телевизии, возач(к)и, хигиеничар(к)и, секретар(к)и и др. е составен од 3 мажи и 11 жени, кои имале примања до 18.000 денари. Една жена имала приходи под 12.000 денари, а 3 мажи и 4 жени имале плата пониска од 14.000 денари. Месечните примања на другите 6 жени изнесувале од 14.001 до 18.000 денари. И во оваа категорија вработени лица не може да се забележи различно платен труд за истата позиција, кога се работи за родовите разлики.




Слика 23: Висина на плати кај преостанатиот кадар во локалните телевизии

# Национални радија

Агенцијата доби податоци за висината на платите за 2019 година од четирите радија кои емитуваат програма на национално ниво. Кај нив вкупниот број на редовно вработени бил 57 лица (38 мажи и 19 жени).
Кај националните радија Антена 5, РА Јон и Канал 77 директори/управители се исклучиво мажи, додека РА Метрополис е единственото национално радио што е управувано од жена.

Висината на платите на управител(к)ите/директор(к)ите се движела од 18.001 денари до 40.000 денари. Најниска плата (од 18.0001-20.000) е евидентирана кај РА Канал 77, кое, пак, е единственото национално радио кое пријавило двајца управители/директори. Платата на единствената управителка/директорка се движела од 20.001 до 22.000 денари.



Слика 24: Висина на платите кај директор(к)ите и управител(к)ите во националните радија

Бројот на уредници/уреднички кај националните радија е изедначен - има тројца уредници и три уреднички. Нивните плати се движеле од 20.001 до 50.000 денари, а од добиените податоци не може да се забележи разлика во вреднувањето на трудот во однос на родот.




Слика 25: Висина на платите кај уредници/чките во националните радија

Осум новинари и 10 новинарки се вработени во националните радија. Кај мажите, платите се движеле од 12.001 до 50.000 денари, а, пак, кај жените од 16.001 до 40.000 денари. Само еден новинар и една новинарка имале плати повисоки од 30.000 денари. Десет од нив, 5 мажи и 5 жени имале плата пониска од 18.000 денари.




Слика 26: Висина на платите кај новинар(к)ите во националните радија

Техничкиот кадар е целосно сочинет од мажи. Од вкупно десетте инженери и техничари, осум имале плата од 14.001 до 18.000 денари, еден имал плата од 20.001 до 22.000 денари и само еден имал плата од 30.001 до 35.000 денари.




Слика 27: Висина на платите кај техничкиот кадар во националните радија

Од дванаесетте лица вработени како реализаторски кадар – режисер(к)и, сниматели(к)и, монтажер(к)и и др. 9 се мажи, а 3 се жени. Шест од деветте мажи имале приход помал од 16.000 денари, еден од нив имал плата од 24.001 до 26.000 денари и двајца имале плата од 30.001 до 35.000 денари. Трите жени кои се дел од реализаторскиот кадар имале плата од 14.001до 16.000 денари и сите се вработени во РА Јон. Кај останатите три национални радија, во оваа категорија вработени има исклучиво мажи.




Слика 28: Висина на платите кај реализаторскиот кадар во националните радија

Како дел од преостанатиот кадар во националните радија, во 2019 година евидентирани се 6 лица ( 4 мажи и 2 жени). Платите на овие лица се движеле од 12.001 до 35.000 денари, со тоа што само еден маж имал плата во категоријата 30.001-35.000 денари, а сите други лица имале плата до 22.000 денари. Четворица (тројца мажи и една жена) имале плата до 16.000 денари.




Слика 29: Висина на платите кај преостанатиот кадар во националните радија

# Регионални радија

Сите регионални радија доставија податоци за потребите на ова истражување. Според податоците, во овој сегмент од радиоиндустријата вработени се вкупно 93 лица, од кои 64 мажи и 29 жени. Најмногу вработени се евидентирани кај РА Ват - 8 лица (6 мажи и 2 жени).

Кај седумнаесетте регионални радија има 13 директори/управители и 4 управителки/директорки. Платите на 16 раководни лица се движеле од 12.001 до 40.000 денари, а само еден управител/директор имал плата над 50.000 денари. На четирите управителки/директорки платите се движеле од 16.001 до 26.000 денари.




Слика 30: Висина на плати кај директор(к)ите и управител(к)ите во регионалните радија

Од дваесетте уредници/чки во регионалните радија, 12 се мажи, а 8 жени. Платите им се движеле од 12.000 до 30.000 денари, а дванаесет од нив, 9 мажи и 3 жени (60 %) имале плата од 12.001 до 16.000 денари. Една уредничка имала плата од 16.001 до 18.000 денари, а останатите 4 уреднички и двајца уредници имале плата од 18.001 до 24.000 денари. Само еден уредник има пријавено плата која е над просечната на државно ниво за декември 2019 година, и тоа од категоријата од 28.001 до 30.000 денари.




Слика 31: Висина на платите кај уредници/чките во регионалните радија

Новинарите (16) и новинарките (17) во регионалните радија имале плати пониски и од 12.000 денари, а највисоката плата била помала од 26.000 денари. Дури 28 лица, 14 новинари и 14 новинарки (84,84%) имале пониски плати од 18.000 денари. Во другите категории на плати кај новинарите, 2 жени имале плата од 18.001 до 20.000 денари, една жена од 20.001 до 22.000

денари, и по еден маж во следните две категории, од 22.001 до 24.000 и од 24.001 до 26.000 денари. Од приложените податоци од радиодифузерите, не може да се забележи разлика во вреднувањето на трудот на мажите и жените за истата работна позиција, а бројот на вработени лица како новинар(к)и се разликува само за едно лице.




Слика 32: Висина на платите на новинар(к)ите во регионалните радија

Во регионалните радија како технички кадар се вработени само мажи. Дванаесетте инженери и техничари имале плата од 12.001 до 18.000 денари, а 7 од нив според платите биле во категоријата од 14.001 до 16.000 денари.




Слика 33: Висина на плати кај техничкиот кадар во регионалните радија

Слична е ситуацијата и кај реализаторскиот кадар во регионалните радија. И тука не е евидентирана ниту една жена, а како режисери, сниматели, монтажери и др. се запишани 10 мажи. Платите на овие лица се движеле од под 12.000 денари до 26.000 денари. Три лица беа евидентирани со плата од 14.001 до 16.000 денари, а 2 лица со плата од 18.001 до 20.000 денари.



Слика 34: Висина на плати кај реализаторскиот кадар во регионалните радија

Како дел од преостанатиот кадар кај сите регионални радија евидентирано е само едно машко лице со плата од 18.001 до 20.000 денари.

# Локални радија

Од 48 локални радија од кои беа побарани податоци за висината на платите на вработените за 2019 година, само РА Актуел, РА Делфин, РА Лав, РА Мефф и РА Ред ФМ не доставија податоци и покрај неколкуте обиди од Агенцијата да бидат контактирани. Локалните радија, преку пополнетите прашалници за структурата на личните примања на вработените во радиодифузијата, по пол пријавиле вкупно 154 вработени лица (84 мажи и 70 жени).

На раководни позиции кај локалните радија од вкупно 35 управител(к)и/директор(к)и, 23 биле мажи, а 12 се жени. Како и кај националните и регионалните радија, бројот на мажи на раководни позиции е речиси двојно поголем од бројот на жени. Платите на овие лица се движеле од под 12.000, па сè до 50.000 денари или повеќе. Најголем дел од нив, 17 мажи и 9 жени (74,28%) имале плата пониска од 16.000 денари. Останатите 4 мажи и 3 жени кои се евидентирани како раководни лица во локалните радија имале плати од 16.001 до 22.000 денари. Само двајца директори/управители имале плати над 30.000 денари, и тоа едно лице е евидентирано со плата од 30.000 до 35.000 денари и едно лице имало плата повисока од 50.000 денари.




Слика 35: Висина на платите кај директор(к)ите и управител(к)ите во локалните радија

Од осумнаесетте уредници/чки во локалните радија, 14 се мажи, а 4 се жени. Петнаесет од нив (12 мажи и 3 жени) имале плата од под 12.000 денари до 16.000 денари. Дури 5 уредници пријавиле примања помали од 12.000 денари. Само еден уредник имал плата во категоријата од 30.000 до 35.000 денари и една уредничка била со плата од 40.001 до 50.000 денари.




Слика 36: Висина на платите кај уредниците/чките во локалните радија

Кај новинар(к)ите ситуацијата во однос на бројот на мажи и жени е сосема поинаква. Тука доминираат жените, со повеќе од двојно новинарки (44) од новинари (21). Платите на 65-те новинар(к)и се движеле од под 12.000 денари, па сѐ до 50.000 и повеќе. Иако опсегот на плати е голем, евидентирана е само една новинарка со плата над 50.000 денари, а дури 60 лица, 20 новинари и 40 новинарки (92,3%) имале плата помала од 16.000 денари.



Слика 37: Висина на платите на новинар(к)ите во локалните радија

За разлика од националните и регионалните радија, кај локалните радија евидентирани се 5 жени кои се дел од техничкиот кадар. Од вкупно 27 инженер(к)и и техничар(к)и, 22 се мажи, а 5 жени. Платите им се движеле од под 12.000 денари до 30.000 денари. Дваесет и две лица, од кои 19 мажи и 3 жени, имале месечни примања помали од 16.000 денари.




Слика 38: Висина на платите на техничкиот кадар во локалните радија

Реализаторскиот кадар кај локалните радија брои 7 лица, 3 мажи и 4 жени. Шест од нив (2 мажи и 4 жени) имале плата до 14.000 денари, а само еден маж имал месечни примања од 28.001 до 30.000 денари.




Слика 39: Висина на платите на реализаторскиот кадар во локалните радија

Како дел од преостанатиот кадар кај локалните радија, евидентирани се 2 лица, еден маж и една жена, чии примања биле под 12.000 денари месечно.

# Заклучоци

Од анализираните податоци, евидентна е разликата меѓу бројот на мажи и жени на раководните позиции и во телевизиите и во радијата. Од вкупно 57 управител(к)и/директор(к)и во радијата, 40 се мажи, а 17 се жени. Кај телевизиите односот на мажи – жени на раководните места е уште подрастичен. Од вкупно 50 управител(ки)/директор(к)и, 41 се мажи, а само 9 се жени. Сите 8 раководни лица кои пријавиле приходи поголеми од 50.000 денари се мажи. Од нив 7 се управители/директори на националните телевизии, додека еден управител на локално радио пријавил приходи над 50.000 денари.
Состојбата, пак, кај уредници/чките и новинар(к)ите е поразлична од таа кај раководните функции. Разликата меѓу уредници и уреднички е многу помала, евидентирани се 105 мажи и 90 жени кај сите радија и телевизии кои доставиле податоци, додека, пак, евидентирани се повеќе новинарки (419) од новинари (270).

Во основа, примањата кај сите категории вработени се ниски, честопати околу државниот просек (25.836 денари), неретко околу минимумот (14.500 денари), а некогаш и под 12.000 денари. Тоа што загрижува, како од аспект на родот така и од аспект на професионалноста, е тоа што значителен дел од новинар(к)ите во приватните медиуми на сите нивоа всушност имаат многу ниски месечни примања. Платите не им нудат финансиска стабилност и не се во прилог на обезбедувањето мотивација за создавање квалитетни новинарски производи, за воведување на родот во главните токови во известувањето и прифаќањето на родот како валиден аспект при новинарската

обработка на темите, но и за гарантирање на нивната отпорност кон притисоци од различни центри на моќ.

Податоците за техничкиот и реализаторскиот кадар, како и во досегашните анализи на Агенцијата така и во оваа, покажуваат дека во овие сектори доминантно се вработени мажи. Кај техничкиот кадар евидентирани се 229 мажи и 47 жени, а, пак, кај реализаторскиот - 467 мажи и 110 жени. Кај националните и регионалните радија во техничкиот кадар воопшто не се евидентирани жени. Во однос на вкупниот број на преостанат кадар вработен во радиодифузијата, разликата меѓу мажите (186) и жените (192) е незначителна.

Оваа анализа освен што дава приказ за висината на платите во контекст на родовата структура на вработените во медиумите, даде и значајни показатели за незавидната состојба со платите кај медиумските работници. Една идна анализа би имала корист од вкрстување на податоците за позицијата на која се вработени со нивното ниво на образование, специфичноста на работната позиција што ја извршуваат и побарувачката на пазарот на трудот за истата.

Несомнено, со оваа анализа се потврдува тезата дека потребно е уште многу работа за подобрување на работничките права на медиумските работници, професија што е клучна во штитењето на јавниот интерес во секое демократско општество.

# Користена литература

Андреески, Ј., Основи на економија, 232 стр., Издавач „Идеја Комерц“ – Охрид, РС Македонија, 2004 година,, ISBN 9989-9575-4-1, COBISS.MK-ID 17371457.

Дафт, Л. Р. Менаџмент, осмо издание, 815 стр, Издавач Влада на СРМакедонија, Скопје, 2011 година, ISBN 0324537700.

Колозова, К., Боровска, В., Блажева, А., Демири, М. Родот во телевизиските програми 2017, 92 страници. Издавач Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Скопје, 2018, ISBN 978-608-4605-10-2, COBISS.MK-ID 106647306.

Мицевски, И. Родот во медиумите 2019: анализа на родовите аспекти во програмите за деца на националните терестријални телевизии, 165 стр. Издавач Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Скопје, 2020; ISBN 978-608-4605-15-7, COBISS.MK-ID 51214085.

Мојсоска – Блажевски, Н., Петрески, М., Oayhan, O. *Истражување за ниското учество на жените на пазарот на труд во Македонија,* 2018.

Петреска – Камењарова, Е., Трајкова, М. Родот на телевизија: збирка годишни истражувања за третманот на родовите прашања и начинот на претставување на жените и мажите на националните ТВ-станици (2012-2016), 215 стр. Издавач Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Скопје, 2018; ISBN 978-608-4605-09-6, COBISS.MK-ID 106519562.

Петреска – Камењарова, Е., Трајкова, М., Стојанов, В., Ристовска, Т., Махмут, Н. Родот на ТВ во 2018: Зад екранот и на

него, 68 стр. Издавач Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Скопје, 2019; ISBN 978-608-4605-12-6, COBISS.MK-ID 110449418.

Трајкова, М. Родот во телевизиите и радијата: кој ги носи одлуките, а кој ги спроведува? – со споредбени показатели, 124 стр. Издавач: Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Скопје, 2020; ISBN 978-608-4605-17-1, COBISS.MK-ID 52153349.

Anderson, R. D., Sweeney, J. D., Williams, A. T.,Statistics for Business and Economics, 9e, 1009 pages, Thomson South-Western Edition, USA 2004; ISBN 0-324-20083-8.

McCracken, K., FitzSimons, A., Priest, S. Gender Equality in the Media Sector – Study for the femm committee, 68 pages. European Union, 2018; ISBN 978-92-846-2538-3.

Tepper, D. Good Practice Handbook – Achieving gender equality and promoting diversity in the European Audiovisual sector, 72 pages. European Union, 2020.

Издавач:
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

За издавачот:
Зоран Трајчевски, директор на АВМУ

Адреса:
Палата Панко Брашнаров, ул. „Македонија“ бр.38, 1000 Скопје

Печати: МАР-САЖ

Скопје, 2020 година

ЦИП